Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 08-356/2
22.04.2014 год.
Новаци

**ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Македонија**
**тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@mt.net.mk**

Врз основа на член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка ( „Службен весник на РМ„ бр.79/09) и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ 5/02), Градоначалник на општина Новаци донесе

# П Р О Ц Е Н А

За потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка
помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

**1.Вовед**

Се врши процена од потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола со цел да се потврди оправданоста од воспоставување на истата, но и како законска обврска која произлегува од член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка

**2.Надлежност**

Согласно член 22 од Законот за локална самоуправа, Општините се надлежни за вршење на противпожарната заштита што ја вршат ТППЕ.

Согласно член 5 од Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04, 81/07, 55/13) Општина Битола формира ТППЕ.

Општина Битола-ТППЕ го покрива и подрачјето на општина Новаци

Согласно член 6 од истиот закон

Општината која согласно со овој закон нема формирано противпошарна единица, задолжително учествува во финансирањето на противпожарната единица која го покрива нејзиното подрачје.

За висината на учеството, општините склучуваат меѓусебен договор.

**3.Цел на соработката**

Во соработката се вклучени Општина Новаци и Општина Битола.

Со меѓуопштинската соработка се сака да се зголеми бројот на пожарникари во ТППЕ Битола, со тоа што Општина Новаци ќе финансира вработување на 4 пожарникари-извршители.

Имајќи го во предвид фактот што доаѓа летниот период, кога е зголемена опасноста на пожари, пред се на отворен простор се јавува потреба да се зголеми бројот на пожарникари.

ТППЕ-Битола,покрај територијата на општина Битола ја покрива и општина Новаци од 753 км2, од кои вкупната аграрна површина е околу 70.000.ха, од кои на обработлива отпаѓа 23.000 ха, пасишта 30.000 ха и шуми 17.000 ха.

Целна група се граѓаните од двете општини како и заштитата на имотот и лица од пожари, како и од други непогоди и несреќи.

Се очекува да се зголеми ефикасноста на ТППЕ, со зголемување на составот на ТППЕ за 4 пожарникари.

**4.Облик на остварување на меѓуопштинска соработка**

Согласно член 9 од Законот за меѓуопштинска соработка остварувањето на истата ќе се врши со склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

**5.Финансиски импликаци**

Општина Новаци ќе финансира вработување на 4 пожарникари, во согласност со Законот за пожарникарство.

Изработил: Ристе Момоковски

Одобрил: Стевче Ангелевски

Република Македонија Општина Новаци Новаци

Општина Новаци
Градоначалник

Лазар Котевски